Повик на УНЕСКО за Пилот-програмата за
професионалци (MLPP Mid Level Professional Programme)

Националната комисија за УНЕСКО на Република Северна Македонија информира за Пилот-програмата на УНЕСКО за ангажирање квалификувани кандидати за работни места на нивоата П-3 (Р-3) и П-4 (Р-4) според Системот на категории на работни места на Обединетите нации, кои се однесуваат на државите членки што не се застапени или се помалку застапени со професионален кадар во УНЕСКО:

1. Службеник за човечки ресурси
   Локација: Париз, Франција
   Ниво: П-3 (Р-3)
2. Програмски специјалист во областа на општествените и хуманистичките науки
   Локација: Рабат, Мароко
   Ниво: П-3 (Р-3)
3. Програмски специјалист во областа на културата
   Локација: Најроби, Кенија
   Ниво: П-4 (Р-4)
4. Програмски специјалист/Раководител на Секретаријатот во Меѓувладината океанографска комисија
   Локација: Картагена, Колумбија
   Ниво: П-4 (Р-4)
5. Програмски специјалист во областа на природните науки
   Локација: Алмати, Казахстан
   Ниво: П-3 (Р-3)

Повикот, критериумите и начинот на аплицирање за сите заинтересирани се достапни на следниов линк: https://careers.unesco.org, за работните места означени како MLPP 2022, а резултатите за избраните кандидати ќе бидат објавени во октомври 2022 година.